РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0204-856/1
29.04 20 22 год.
СКОПЈЕ

# *ИЗВЕШТАЈ*

## *за работење за период јануари – декември 2021 година*

Во деловната 2021 год. РЖ УСЛУГИ АД Скопје има остварено вкупно приходи од 198.313.238,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 198.063.624,00 ден. Останатите приходи изнесуваат 249.611,00 денари. Вкупно остварените оперативни приходи од 198.063.624,00 денари за 2021 година претставуваат зголемување од 17.605% во однос на остварените оперативни приходи во 2020 година (164.198.953,00 денари).

| | *ИЗНОС 2020* | *ИЗНОС 2021* |
|---|---|---|
| *ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ* | 13.943.783,00 | 18.850.662,00 |
| *ПРОИЗВОДСТВО, РЕЦИРКУЛАЦИЈА И ТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ* | 123.447.096,00 | 151.980.437,00 |
| *НАДОМ. ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ И ПРИРОДЕН ГАС* | 5.657.510,00 | 7.694.634,00 |
| *УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД. НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА* | 16.829.845,00 | 15.681.256,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 432.800,000 | 406.978,00 |
| *ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗРЕВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ* | 2.883.667,00 | 3.449.657,00 |
| *ОСТАНАТИ УСЛУГИ* | 725.201,00 | 0 |
| *ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС* | 279,051,00 | 0 |
| *ВКУПНО* | **164.198.953,00** | **198,063.624,00** |

Во делот на услугите со кои сме директно поврзани со работење на погоните во нашето потесно опкружување, приходите од дистрибуција на хигиенска вода се зголемени за 26,030% во однос на 2020 година, приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води се зголемени за 18,774% во однос на 2020 година и приходите од надоместокот за користење на цевоводната мрежа се зголемени за 26,474% во однос на 2020 година.

Кај приходите зголемувањето во 2021 во однос на 2020 , се должи на зголемениот обем на работа на погоните во потесното опкружување со кои имаме континуирана деловна соработка.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, евидентно е намалување кај обезбедување и ПП заштита од 7,3%, намалување кај телекомуникациските услуги од 6,345%, зголемување има кај закуп на деловен простор од 16,407%. Во 2021 нема приходи за продажбата на ТНГ, поради реконструкција на објектите за прием и продажба на течен нафтен гас .

## *Останати приходи*

Во останати приходи најголем дел е приходи по Решенија за присилно извршување и наплата на судски трошоци . Кај финансиските приходи има намалување во однос на 2020 година.

| | ***ИЗНОС*** |
|---|---|
| ***ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ*** | 249.611,00 |
| ***ПРИХОДИ ОД КАМАТИ*** | |
| ***ВКУПНО*** | 249.611,00 |
| | ***ИЗНОС*** |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ)*** | **198,063.624,00** |
| ***ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД*** | 16.505.302,00 |

| ***ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ПРИХОДИ*** | | ***ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО*** |
|---|---|---|
| 2020 | 90 | 2.472,13евра |
| 2021 | 82 | 3;262,62 евра |

Вкупните расходи во 2021 година изнесуваат 188,313,238,00ден.

Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 186.019.774,00 денари.

## *Структура на расходи*

| | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| *ПОТРОШЕНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР* | 3.403.832,00 | 4.388.097,00 |
| *ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА, НАФТА И БЕНЗИН)* | 28.451.050,00 | 37.814.143,00 |
| *СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА* | 37.718.083,00 | 50.672.297,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 659.806,00 | 647.956,00 |
| *ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ* | 1.525.355,00 | 1.952.011,00 |
| *АМОРТИЗАЦИЈА* | 18.841.568,00 | 14.974.240,00 |
| *БРУТО ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИ* | 37.850.359,00 | 37.071.370,00 |
| *НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ПО КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР* | 1.670.191,00 | 1.615.040,00 |
| *ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ* | 3.230,00 | 5.100,00 |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | 1.435.438,00 | 2.253.732,00 |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ПРОПАГАНДА И РЕКЛАМА | 194.685,00 | 123.843,00 |
| БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ | 141.797,00 | 140.210,00 |
| ДАНОЦИ И ТАКСИ | 1.815.405,00 | 2.797.236,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ (НАБАВНА ВРЕДНОСТ) | 236.603,00 | 0 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 19.801.494,00 | 20.437.759,00 |
| ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ | **153.748.896,00** | **174.893.035,00** |

Вкупните оперативни расходи се зголемени во однос на 2020 година за 12,090%. Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води за производните погони во Железара, односно кај трошоците за материјали и резервни делови евидентирано е зголемување за 22,430% во однос на минатата година , трошокот за електрична енергија е зголемен за 24,761%, зголемен е трошокот за снабдување со вода за 25,565%.

Трошоците за тековно одржување на опрема и објекти се зголемени за 21,857%. Намалени се трошоците за вработени како резултат на намален број на вработени и намалени трошоци за бруто плата и останати надоместоци од работен однос ,просечен број на вработени 90 во 2020 и 82 во 2021година и намалени останати пресметани надоместоци од работен однос , отпремнина за заминување во пензија и регрес. Во 2021 имаме заминати работници на кои им е престанат работниот однос поради исполнување на услов за стекнување на право за старосна пензија. Надоместокот за регрес за годишен одмор е пресметан и исплатен на износ согласно одредбите на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ,односно 40%од просечната месечна бруто плата по работник во РМ. Од останатите расходи намалување имаме кај телекомуникациските услуги со 1,829%.

| | *2020* | *2021* |
|---|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ РАСХОДИ* | 8.816.276,00 | 11,126,905,00 |
| *РАСХОДИ ОД КАМАТА* | 6.124.381,00 | 2.298.299,00 |
| *ВКУПНО* | 14.951.709,00 | 13,425,204,00 |

Останатите расходи на износ од 11,126,905,00 денари се трошоци од минати години, трошоци согласни по И.бр.996/2019 засновани на извршна исправа ОДУ бр.420/13 од нотар Пулејкова Зорица против РЖ Услуги АД и ГЕТ ДОО Скопје.

Трошоците за камати на износ од 2.298,299,00 ден. се однесуваат на пресметани камати, камати по користени краткорочни кредити по основ на реструктуирање на задолжувањето, камати од тековното работење со доверители. Вкупните трошоци за камата се намалени за 166,955% .

## *Побарувања и обврски со 31.12.2021година*

На 31.12.2021 година РЖ УСЛУГИ АД има ненаплатени побарувања на износ од 47,350,379,00 денари кои се во валутен рок како и ненаплатени побарувања за кои се водат судски постапки или се во извршна постапка во износ од 288,153,447,00 денари

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2021 година изнесува 88,2% не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2021 година од фирми за кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2021 год. изнесува 11,687,643,00 денари а тоа се тековни обврски кои ги има друштвото и кои се во валутен

рок. Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2021 година изнесува 98,45%.

Друштвото ја одржува тековната ликвидност во текот на годината и ги сервисира тековните обврски по сите основи према добавувачи, вработени, државата и по кредитни задолжувања од изминатиот период. Тоа се должи на навременото сервисирање на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања. Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година, за кои се водат спорови и истите се одвиваат во долги постапки.

Готовинскиот прилив на парични средства кои друштвото ги заработува од неговите редовни активности се користи за регулирање на оперативните расходи во тековното работење. Во 2021 година има инвестициски вложувања во делот на технички постројки, опрема, инвентар и постојани средства и новите набавки во текот на годината изнесуваат 5,265,425,00, денари.

Во однос на задолжувањата на друштвото има намалување на кредитната задолжност , односно обврските по севкупните краткорочни кредитни задолжувања се намалени за 2,560.000,00 денари или 11,157% во однос на 2020година.

### ***Финансиски резултат во работење за 2021година***

**РЖ УСЛУГИ АД** во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја заврши деловната година со нето добивка од 9.038.377,00 денари.

*РЖ УСЛУГИ АД Скопје*

*Директор*

*Јован Гечески*